## ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk


Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 32-1356/2
18.08 2021 год.
ОБЛЕШЕВО

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА МАТЕРИЈАЛНОТО И ФИНАНСОВОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈОУДГ “ЅВЕЗДИЧКИ” С.ЧЕШИНОВО

**Облешево, Август 2021**

# СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ

Страна

1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ.....................................................................2

2. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ.....................................................................3

3. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ.....................................................................6

# 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Јавната општинска установа за деца – Детска градинка "Sвездички" се наоѓа во с.Чешиново. Детската градинка има клон во Облешево и Спанчево. Основната дејност на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Со цел да се утврди примената на законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансиското работење во ЈОУДГ "Sвездички", Градоначалникот на Општина Чешиново – Облешево го овласти Внатрешниот ревизор во Општината, со Овластување бр.03-1111/1 од 29.06.2021 година, да изврши ревизија на материјално – финансиското работење за 2020 година.

Во ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново се донесени следните општи акти:

- Статут на ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново бр.0101-135/1 од 12.06.2019 година;
- Правилник за внатрешна организација на ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново бр.02-141/1 од 12.06.2019 година;
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново бр.02-198/1 од 26.10.2020 година;
- Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново бр.02-139/1 од 12.06.2019 година;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново бр.02-167/1 од 17.07.2019 година;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново бр.02-191/1 од 08.10.2020 година;
- Правилник за утврдување на цените и услугите што ги дава ЈОУДГ "Sвездички" с.Чешиново, општина Чешиново – Облешево за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓа на товар на родителите бр.02-229/1 од 17.10.2019 година;
- Процедура за проток на документи бр.01-46/1 од 08.02.2019 година во ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново;
- Годишен план за вработување бр.0102-153/1 од 09.07.2019 година;
- Годишна програма за работа за 2020-2021 год. број 0102-166/1 од 11.09.2020 година;
- Годишен извештај за работа за воспитната 2019-2020 со архивски бр 0102-156/1 од 31.08.2020;
- Одлука за донесување на предлог финансиски план (Буџет) за 2020 година бр.02-267/1 од 24.12.2019 година;
- Одлука за донесување на ребалансот на буџетот за 2020 година за ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново, Чешиново-Облешево бр.02-139/1 од 09.06.2020 година;
- Одлука за донесување на завршната сметка на ЈОУДГ "Sвездички"с.Чешиново, општина Чешиново – Облешево за 2020 година бр.02-60/1 од 03.03.2021 година;

- Годишен план за јавни набавки во 2020 година на ЈОУДГ "Ѕвездички" с.Чешиново бр.02-26/1 од 10.01.2020 година;
- Дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на ЈОУДГ "Ѕвездички" с.Чешиново, Чешиново – Облешево бр.02-26/2 од 07.02.2020 година.

Предмет на ревизијата е ревизија на регуларноста на материјалното и финансовото работење во ЈОУДГ "Ѕвездички" за 2020 година.

Цел на ревизијата е да утврди дали се применуваат законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансовото работење.

Претходно е извршена ревизија на материјалното и финансовото работење, за период од 2014 до 2019 година.

Со ревизијата на регуларноста на материјалното и финансовото работење во ЈОУДГ "Ѕвездички" за 2020 година е утврдено следното:
- кон одреден број на фактури не се приложени испратници во прилог;
- не е назначено лице за спроведување на јавните набавки со положен испит;
- не е назначено лице за следење и реализација на склучените договори за јавна набавка.

**Заклучок**
Во ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново примената на законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансовото работење е добра, со одредени недостатоци.

# 2. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2.1. ВОВЕД

Ревизијата е извршена како дел од Планот за извршување на внатрешната ревизија во Општина Чешиново – Облешево за 2021 година бр.32-1846/1 од 15.12.2020 година, како ревизија на материјалното и финансовото работење во ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново за 2020 година.

Внатрешна ревизија претставува независна објективна активност за проверување на информации и потврдување на нивната точност и давање совет, создадена со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на субјектите. Таа им помага на субјектите да ги исполнат своите цели, применувајки планиран, строго определен пристап на проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето.

Внатрешната ревизија кај субјектите ја вршат лица, внатрешни ревизори, согласно меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија кои ги пропишува Министерството за финансии.

Основни задачи на внатрешната ревизија се:

- Оценување на значајни фактори на ризик и давање на совети на директорот за намалување на факторите за ризик;
- Врз основа на анализи да се утврди и оцени економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и да се дадат препораки за подобрување на работата на субјектот;
- Проверка на точност на комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- Утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и интерните акти;
- Следење на спроведување на превземените мерки од раководителот на субјектот врз основа на ревизорски извештај.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 05.07.2021 година до 13.08.2021 година, од страна на Благоја Митев, Внатрешен ревизор во Општина Чешиново – Облешево. Почетниот состанок е одржан на 05.07.2021 година, додека завршниот состанок е одржан на 10.08.2021 година.

Доставен е претходен извештај од извршената ревизија на материјалното и финансовото работење за 2020 година во ЈОУДГ "Ѕвездички" с.Чешиново бр.32-1356/1 од 13.08.2021 година, на кој не е даден никаков приговор од законскиот застапник на субјектот, со што претходниот извештај станува конечен.

### 2.1.1. Опфат на ревизијата

Ревизијата опфаќа испитување на докази, проценување на користените принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и давање општа оценка за усогласеноста на превземените активности во материјалното и финансовото работење.

Ревизијата е извршена во согласност со меѓународните стандарди за професионално известување на внатрешната ревизија кои се пропишани во Република Македонија при вршење на внатрешната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека е обезбедена законитост во финансиско - материјалното работење и дека финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешени прикажувања и даваат точна вердостојна и целосна слика на самата институција.

**2.1.2. Цел на ревизијата**

Цел на ревизијата е да утврди дали се применуваат законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансовото работење.

Ревизијата е извршена согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Сл.весник на РМ бр.90/2009, бр.188/2013, бр.192/2015), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија (Сл.весник на РМ бр.72/03), Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија во Општина Чешиново – Облешево (бр.32-1845/1 од 15.12.2020 година), Планот за извршување на внатрешната ревизија во Општина Чешиново – Облешево за 2021 година (бр.32-1846/1 од 15.12.2020 година).

Со стандардите се бара ревизијата да се планира и подготви, со цел да се идентификуваат ризиците и значајните грешки, неправилности и неусогласености и да се обезбеди точно, јасно, концизно, конструктивно, комплетно и навремено известување.

Претходно е извршена ревизија на материјалното и финансовото работење, за период од 2014 до 2019 година.

Финансиските извештаи, како и примената на законските и другите прописи кои се однесуваат на материјалното и финансиското работење се одговорност на:

- Моника Накова – Директорка на ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново од 11.11.2018 година.

Одговорност на внатрешниот ревизор е да го издаде овој извештај, во кој ќе даде независна и објективна проценка за точноста и објективноста на финансиските извештаи како и за тоа дали работењето на ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново е во согласност со законите, подзаконските и интерните акти.

**2.1.3. Контролни цели**

Според ризиците во процесите, контролни цели се следните:

1. Да се осигура дека Директорот работи согласно Законот за заштита на децата;
2. Да се осигура дека при спроведувањето на јавните набавки се почитуваат одредбите од Законот за Јавни набавки;
3. Да се осигура дека сметководственото евидентирање е согласно со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
4. Да се осигура дека финансиските извештаи се изготвени согласно стандардите за изготвување и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**2.1.4. Методи на ревизијата**

При ревизијата беа правени интервјуа, анализа, проверка, евалуација, анализа на податоци, тестови на усогласеност, содржајни тестови, како и преглед на целокупната документација.

# 3. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 3.1. Усогласеност со закони и прописи

- Сметководственото евидентирање се врши согласно Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници и соодветниот Правилник за сметководственото евидентирање;
- Утврдени се одреден број на фактури за извршени набавки и извршени услуги, без прилог на испратници, од кои не би можело јасно да се види кој ја примил стоката или кој ја има користено услугата;
- Согласно законот за Јавна Внатрешна финансиска контрола документот кој е основа за плаќање мора да биде одобрен од лицето задолжено за превземање на обврските и од лицето задолжено за плаќање. Во случајот овие функции ги врши директорот на детската градинката поради тоа што не се предвидени во важечката систематизација на работните места и мал број на административен кадар;
- Во сметководството се плаќа врз основа на фактури кои произлегуваат од склучени договори врз основа на спроведени јавни набавки. Ваквите фактури треба да бидат усогласени со договорените цени кои се основа за склучување на договорот;
- На 09.06.2020 година ЈОУДГ „Ѕвездички" с.Чешиново има исплатено 43.081,00 денари на Адвокат Благој Јованов од Кочани за извршени адвокатски услуги за состав на одговор на тужба по предметот РО бр.8/20, по тужба од страна на Силвана Василева од Чешиново, по основ на поништување на оглас за вработување, односно да се поништи изборот на кандидати по јавен оглас бр.0401-260/1 од 20.12.2019 година, да се задолжи тужениот правилно да ја состави Комисијата за селекција за вработување и да спроведе постапка за избор и засновање на работен однос согласно закон.

  Донесена е пресуда на Основниот суд во Кочани РО бр.8/20 од 29.05.2020 година со која тужбеното барање на тужителот се одбива како неосновано. Го задолжил тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците во постапката во износ од 36.510,00 денари. Барањето на тужениот за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот износ од 36.510,00 денари, до побараниот износ од 39.577,00 денари, за износ од 3.067,00 денари, го одбил.

  Поднесена е жалба до Апелациониот суд во Штип од страна на тужителот. Апелациониот суд во Штип донел Пресуда РОЖ-420/20 од 11.09.2020 година со која ја потврдува Пресудата на Основниот суд во Кочани РО 8/20 од 29.05.2020 година.

  Врз основа на барање за спроведување на извршување од страна на ЈОУД "Ѕвездички" – Чешиново, издаден е Налог за извршување врз плата и други парични побарувања бр.1431/20 од 23.11.2020 година од страна на Извршител Славе Дончев против должникот Силвана Василева од Чешиново;
- Сите финансиски трансакции се евидентирани. Евидентираните парични трансакции се соодветно класифицирани и презентирани во финансовите документи на градинката;

- Завршната сметка на ЈОУДГ “Ѕвездички”с.Чешиново, општина Чешиново – Облешево е усвоена со одлука од Управниот одбор бр.02-60/1 од 03.03.2021 година;
- Изготвена е процедура за проток на документи бр.01-46/1 од 08.02.2019 година во ЈОУДГ “Ѕвездички”с.Чешиново.

**Препорака бр.1**
Раководителот на субјектот да обезбеди кон фактурите да бидат приложени испратници кои треба да бидат потпишани од страна на лицето кое ја има извршено набавката или користено услугата и на истите да биде наведено каде се вградени истите материјали.

## 3.2. Јавни набавки

За да се стекне уверување за усогласеноста на користењето на средствата на детската градинка за 2020 година согласно Законот за јавни набавки, извршена е ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања, обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно користење на средствата, како и реализација на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата се опфатени вкупно четири јавни набавки по кои се склучени договори за јавни набавки. Со извршениот увид во документите и евиденциите за спроведените постапки за јавни набавки утврдено е следното:
Во ЈОУДГ “Ѕвездички”с.Чешиново донесен е Годишен план за јавни набавки за 2020 година број 02 – 26/1 од 10.01.2020 година. Направено е дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на ЈОУДГ “Ѕвездички” с.Чешиново, Чешиново – Облешево бр.02-26/2 од 07.02.2020 година.

Спроведени се следните јавни набавки и тоа како следи:

1. Јавна набавка за ангажирање на **Агенција за привремени вработувања**, спроведена со поедноставена отворена постапка, согласно член 49, став 1 од Законот за јавни набавки, која се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки, а ќе заврши со електронска аукција. Склучен е Договор помеѓу ЈОУДГ “Ѕвездички”с.Чешиново и Агенцијата за привремени вработувања “Анторис” – Скопје број 05-32/22 од 05.02.2020 година. Вредноста на договорот изнесува 762.711,00 денари (без пресметан ДДВ), односно 900.000,00 денари со ДДВ. Склучен е Анекс Договор бр.05-32/23 од 25.09.2020 година, со кој вредноста од основниот договор се зголемува на 1.394.068,00 денари без ДДВ, односно 1.645.000,00 денари со ДДВ.

2. Јавна набавка на **прехрамбени производи** за потребите на ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново, односно за исхрана на деца од предучилишна возраст и набавка на прехранбени производи, наменети за реализација на проектот "Народна кујна". Предметот на набавката е деллив на 8 дела. Договорите за јавната набавка на стоки, за секој дел посебно, е доделен со примена на одредбите за спроведување на Поедноставена отворена постапка, согласно член 49 од Законот за јавни набавки, а во врска со член 59 од истиот Закон, односно постапката да се заврши со користење на директна е – аукција/поднесување на конечна цена, како последна фаза за доделување на договорот за јавната набавка, за секој дел посебно. Постапката е спроведена со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки. За дел 1 – набавка на свежо месо, смрзнато месо и риба, дел 7 – набавка на леб и бели пецива, склучен е договор со ДПТУ „Компани Моневи" ДООЕЛ – Кочани бр.0507-118/37 од 21.04.2020 година, со вкупна вредност од 317.371,00 денари без пресметан ДДВ за дел 1 и вкупна вредност од 610.600,00 денари за дел 7 без пресметан ДДВ. За дел 3 – набавка на млеко и млечни производи, склучен е договор со Трговско друштво "Дидакс" ДООЕЛ Скопје бр.0507-118/38 од 21.04.2020 година, со вкупна вредност од 329.360,00 денари без пресметан ДДВ. За дел 2 – набавка на житарици склучен е договор со Друштвото за производство и трговија "Даути Комерц" АД Скопје бр.0507-118/39 од 21.04.2020 година, со вкупна вредност од 138.613,00 денари без пресметан ДДВ. За дел 5 – набавка на конзервирани производи, дел 6 – набавка на разни производи и дел 8 – набавка на земјоделски производи (свеж зеленчук и овошје), склучен е договор со ДПТУ "ВИД Комерц" ДООЕЛ – Штип бр.0507-118/40 од 21.04.2020 година на износ од 42.470,00 денари без пресметан ДДВ за дел 5, вкупна вредност од 192.483,00 денари без пресметан ДДВ за дел 6 и вкупна вредност од 97.668,00 денари без пресметан ДДВ за дел 8. За дел 4 - набавка на јајца, склучен е договор со ДПТУ "Ветеринар" ДОО – Гевгелија бр.0507-118/41 од 21.04.2020 година на износ од 35.600,00 денари без ДДВ.
3. Јавна набавка на **пелети** за потребите на ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново, спроведена како набавка од мала вредност, согласно член 48, став 2, алинеја 1 од законот за јавни набавки, а во врска со член 59 од истиот закон, со користење на директна е-аукција/поднесување на конечна цена, како последна фаза за доделување на договорот за јавната набавка. Склучен е договор за јавна набавка со "Димбо Ком" од ДООЕЛ од Пехчево бр. 05-162/24 од 28.09.2020 година, на износ од 65.280,00 денари без пресметан ДДВ, односно 68.544,00 денари со пресметан ДДВ.
4. Јавна набавка на **средства за одржување на хигиена** за потребите на ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново, спроведена како набавка од мала вредност, согласно член 77 од Законот за јавни набавки, а во врска со член 59 од истиот Закон, со користење на директна е-аукција/поднесување на конечна цена, како последна фаза за доделување на договорот за јавната набавка. Склучен е договор за јавна набавка број 05-129/18 од 19.05.2020 година со ДПТУ „Рики јуниор" ДООЕЛ – Кочани и тоа за набавка на средства за одржување на хигиена за потребите на ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново, во вредност од 182.379,00 денари без ДДВ, односно 215.207,00 со пресметан ДДВ.

При ревизијата на спроведените јавни набавки е констатирано следното:

- Годишниот план за јавни набавки за 2020 година бр.02-26/1 од 10.01.2020 година е донесен во законски предвидениот временски рок. Управниот одбор на ЈОУДГ "Ѕвездички" – Чешиново со одлука бр.02-25/1 од 10.01.2020 година го усвоил Планот за јавни набавки на ЈОУДГ "Ѕвездички" – Чешиново за 2020 година.
- Изготвена е Процедура за постапки за јавни набавки бр.02-252/1од 26.11.2018 година, која го дефинира начинот и спроведувањето на постапките за јавни набавки во ЈОУДГ "Ѕвездички", Чешиново. општина Чешиново – Облешево, односно постапката за изработка и донесување Годишен план за јавни набавки, спроведувањето на постапките за јавни набавки, склучување на договори, како и водење на евиденција за јавни набавки.
- Доделените договори на економските оператори по спроведените јавни набавки се во согласност со утврдената тендерска докуметација.
- Во ЈОУДГ „Ѕвездички" – Чешиново нема назначено лице за вршење на работите од областа на јавните набавки со соодветна потврда за положен испит, т.е. нема овластено лица кое е лиценцирано да ги спроведува јавните набавки за потребите на ЈОУДГ „Ѕвездички" – Чешиново. За таа цел е склучен договор на дело бр.0307-93/1 од 13.02.2020 година за давање стручна помош и спроведување на јавните набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2020 година. Со овој договор, ЈОУДГ „Ѕвездички" – Чешиново се обврзува на извршителот да му исплатува нето износ од 12.000,00 денари надоместок за секоја спроведена постапка за јавн анабавка;
- Склучен е Договор за ангажирање на приватна агенција за привремени вработувања бр.05-32/22 од 05.02.2020 година со приватната агенција за вработување "Анторис" од Скопје, со важност од 05.02.2020 година до 05.02.2021 година. Претходно, на 31.01.2020 година, склучен е Анекс на договор бр.0307/192 од 29.01.2019 година, со што времетраењето на договорот се продолжува за уште еден месец, односно важи до 29.02.2020 година. Имајќи во предвид дека новиот договор е со важност од 05.02.2020 година, а стариот е со важност до 29.02.2020 година, се доаѓа до заклучок дека важноста на стариот и новиот договор се поклопуваат.
- Раководителот на субјекот нема определено лице за следење и релизација на склучените Договори за јавна набавка односно проверка на фактурите во однос на договорите, понудите по вид, количина и цена на производите и услугите.
- Во зависност од спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, договорниот орган има оформено досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка кое ја содржи целокупната документација од спроведената јавна набавка.

**Препорака бр.2**

Раководното лице на субјектот да овласти лице за обучување за вршење на работи од областа на јавните набавки со соодветна потврда за положен испит, т.е. да биде лиценцирано да ги спроведува јавните набавки за потребите на ЈОУДГ „Ѕвездички" – Чешиново.

**Препорака бр.3**
Раководителот на субјекот да определи лице за следење и релизација на склучените договори за јавна набавка односно проверка на фактурите во однос на договорите, понудите по вид, количина и цена на производите и услугите.

## 3.3. Попис

Пописот на средствата и изворите на средствата е извршен согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со состојба заклучно со 31.12.2020 година и кое нешто е констатирано од следното:

- Одлука за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2020 година бр.02-221/1 од 30.11.2020 година;
- Упатство за подготовки и извршување на пописот со состојба на 31.12.2020 година бр.02-234/1 од 23.12.2020 година;
- Решение за определување на членови на комисијата за извршување на пописот на основните средства, опремата од МТСП во објект "Кокиче" с.Облешево, опрема во објект во во с.Спанчево и ситниот инвентар и попис на побарувањата и обврските, состојбите на жиро сметките и залихите за 2020 година бр.02-235/1 од 23.12.2020 година;
- Решение за членови на Централната комисија за попис бр.02-235/2 од 23.12.2020 година;
- Записници од извршениот попис бр.0206-27/1, 0206-27/2, 0206-27/3, 0206-27/4, 0206-27/5, 0206-27/6, 0206-27/7 и 0206-27/8, сите од 22.01.2021 година;
- Елаборат за извршениот попис на основните средства, опремата од МТСП во објектот "Кокиче" Облешево, опремата во објект во с.Спанчево, опремата во објект во Чешиново и ситниот инвентар и попис на побарувањата и обврските, состојбата на жиро сметките на залихите за 2020 година бр.02-37/1 од 05.02.2021 година;
- Одлука за усвојување на Елаборатот и целокупната документација за попис на основните средства, инвентарот, паричните средства, обврски и побарувањата во ЈОУДГ "Ѕвездички" с.Чешиново бр.02-36/1 од 05.02.2021 година;
- Пописните листи се целосно пополнети со состојба заклучно со 31.12.2020 година и истите се потпишани од страна на членовите на пописните комисии;
- Средствата за расходување се прикажани на посебни пописни листи.

**Препорака бр.4**
Раководителот на субјектот да овозможи во иднина при вршење на попис на средствата и изворите на средствата истиот да се врши согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба.

Облешево, 18.08.2021 година.

Одделение за внатрешна ревизија
Внатрешен ревизор
Благоја Митев

АКЦИОНЕН ПЛАН по извршена ревизија за 2020 година во ЈОУДГ "Ѕвездички" с.Чешиново

| Препорака бр. | Препорака | Приоритет | Коментари на раководството | Краток опис на договорни активности | Одговорно лице за имплементација | Датум на имплементација | Имплементирано ДА/НЕ | Краток опис на имплементација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раководителот на субјектот да обезбеди кон фактурите да бидат приложени испратници кои треба да бидат потпишани од страна на лицето кое ја има извршено набавката или користено услугата и на истите да биде наведено каде се вградени истите материјали. | | | | Раководителот на субјектот | 31.12.2021 | | |
| 2. | Раководното лице на субјектот да овласти лице за обучување за вршење на работи од областа на јавните набавки со соодветна потврда за положен испит, т.е. да биде лиценцирано да ги спроведува јавните набавки за потребите на ЈОУДГ „Ѕвездички" – Чешиново. | | | | Раководителот на субјектот | 31.01.2022 | | |
| 3. | Раководителот на субјекот да определи лице за следење и релизација на склучените договори за јавна набавка односно проверка на фактурите во однос на договорите, понудите по вид, количина и цена на производите и услугите. | | | | Раководителот на субјектот | 31.10.2021 | | |
| 4. | Раководителот на субјектот да овозможи во иднина при вршење на попис на средствата и изворите на средствата истиот да се врши согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба. | | | | Раководителот на субјектот | 31.03.2022 | | |

Одделение за внатрешна ревизија
Внатрешен ревизор
Благоја Митев

ЈОУДГ "Ѕвездички"с.Чешиново
Директор
Моника Накова